# Информација
## од форумот за унапредување на спроведувањето и користењето на Инструментот за претпристапна помош на Европската унија за рурален развој ИПАРД 2014 – 2020

Место на одржување: хотел ГАРДЕНИЈА, Велес
Датум: 21 и 22 октомври 2019 година

Во рамките на кампањата за публицитет на ИПАРД Програмата 2014-2020, а во пресрет на јавниот повик (01/2019) кој беше објавен на 4 октомври и ќе трае до 3 декември 2019 година, за поднесување на барања за користење на средства од мерката 7 (Диверзификација на фарми и развој на бизниси), Телото за управување со ИПАРД реализираше дводневен форум за претставување на можностите за користење на средства од мерката 7. На форумот учествуваа претставници од Агенција за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој (АФПЗРР) и Агенција за поттикнување на развојот на земјоделството (АПРЗ). Целта на форумот беше да се запознаат советниците од АПРЗ со мерката 7 и новитетите кои мерката ги нуди по модификацијата на ИПАРД Програмата 2014-2020, но и новитетите во поглед на постапката на одобрување на барањата во АФПЗРР.

Дневниот ред на форумот вклучуваше презентација на можностите од мерката 7 по измените кои истата ги претрпе, презентација на измените во постапката на одобрување на барања, искуствата во работењето на советодавните служби во претпристапниот период во Република Хрватска и како земја членка на ЕУ, дискусија за потешкотиите и проблемите со кои се соочуваат барателите при комплетирање на барањата, предлози и идеи за подобрување на спроведувањето на Програмата и унапредување на соработката помеѓу засегнатите страни (Телото за управување со ИПАРД, АФПЗРР и АПРЗ), а се со цел поголемо искористување на средствата од Програмата.

Презентацијата на можностите од мерката 7 имаше посебен осврт на промените кои ги претрпе Програмата, а се однесуваат на: дефинирање на прифатливите инвестиции во приоритетен сектор за производство на не-прехрамбени производи кои се воведени како анекс 14 од ИПАРД Програмата 2014-2020, попрецизно дефинирање на прифатливи типови инвестиции во производство на прехрамбени производи и пијалоци, како и исклучување на инвестициите во обновливи извори на енергија во овој јавен повик. Советниците од АПРЗ покажаа значително ниво на познавање на условите, критериумите и типовите на инвестиции во мерката, како и потребните документи за поднесување на барањата.

Најчесто поставувани прашања по презентацијата на мерката 7:

- Што значи соодветна регистрација на барателот на крајот на инвестицијата, особено за пчеларите?
- Соодветна регистрација на економската активност на барателите не значи ништо повеќе од запишување во регистарот на угостители во општината за барателите за рурален туризам, регистрирање на регистриран број на одгледувалишта (РБО) во Агенцијата за храна и ветеринарство и регистрирање во Единствениот регистар на земјоделски стопанства (ЕРЗС) за барателите за пчеларство.
- Дали постои минимален број на сандаци како критериум за поднесување на барање за пчеларство?
- Не постои. Критериумот големина на производни капацитети е избришан од мерката 7. Дефинирањето на големината на барателот (микро и мало претпријатија) и висината на поддршката што се добива преку ИПАРД се единствените критериуми кои треба да ги запазат барателите пчелари.
- Дали ќе постои можност за дополнување на барањето со документи кои недостасуваат?
- Со измените на постапките за одобрување на барања во АФПЗРР можноста за докомплетирање на барањето не постои. Во иднина АФПЗРР ќе разгледува само комплетни барања. АФПЗРР го задржува правото да побара дообјаснување за некои документи или нејаснотии во деловниот план, но истите мора да се дел од иницијалното барање. Барањата со документи кои не се во оригинал или копија заверена на нотар и документи кои се застарени, исто така ќе се сметаат за некомплетни и ќе бидат одбиени.

Како најчести проблеми со кои се соочуваат барателите при комплетирање на барањата беа посочени следниве:

- Постапката за легализација на објекти е најголем проблем со оглед што ДУП-овите за помалите места не се донесени од страна на единиците на локалната самоуправа;
- Недоволна информираност околу можностите кои ги нуди ИПАРД Програмата наспроти Националната програма за рурален развој особено во делот на овоштарството и лозарството, како и потреба за конечно разграничување на инвестициите во рамките на двете програми предвидено со претстојнато 3-то изменување и дополнување на ИПАРД Програмата 2014-2020;
- Долги рокови за издавање на дозвола за користење на вода од Министерство за животна средина и просторно планирање (МЖСПП);
- Да се интервенира кај техничките тела за почитување на роковите наведени во меморандумите за соработка, односно да се даде приоритет за барателите на ИПАРД;
- Прецизно дефинирање на потребните документи кои треба да ги достават барателите или Агенцијата ги прибира по службена должност по соодветни мерки од ИПАРД Програмата 2014-2020, како и прецизно давање на насока за кој типови на инвестиции или баратели се однесува бараниот документ.
- Недостаток на канцелариски материјали во АПРЗ и можност за надминување на овој недостаток преку идните Кампањи за промоција и публицитет на ИПАРД

Заклучоци кои произлегоа од дводневниот форум:

1. Да се ажурираат најчесто поставуваните прашања на веб страните на www.ipardpa.gov.mk и www.ipard.gov.mk;
2. Заради подобра комуникација помеѓу ТУ, АФПЗРР и АПРЗ, да се номинираат контакт лица од трите институции;
3. Да се организира работилница за подобрување на соработката со техничките тела (пр. Министерство за економија, Министерство за животна средина и просторно планирање, Министерство за транспорт и врски, Агенција за храна и ветеринарство, Заедница на единиците на локална самоуправа, АПРЗ, АФПЗРР, ТУ ИПАРД, итн);
4. Да се разгледа можноста за обезбедување на промотивни материјали за АПРЗ преку мерката Техничка помош и
5. Како редовна пракса пред објавување на секој повик (особено за мерка 1) да се направи работилница со советодавните служби на АПРЗ заради подобра информираност за потребната документација која треба да се прибере и критериумите кои треба да се исполнат.